| 423990 | Други материјали | - 17.000,00 ден. |
| **424** | **Поправки и тековни одржување** | |
| 424210 | Одржување на згради | - 40.000,00 ден. |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | - 6.000,00 ден. |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | - 29.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **425** | **Договорни услуги** | |
| 425490 | Други здравствени услуги | - 21.000,00 ден. |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | - 20.000,00 ден. |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | - 10.000,00 ден. |
| 425990 | Други договорни услуги | - 74.000,00 ден. |

| Потпрограма<br>Потставка | Назив на потпрограма<br>Назив на потставка | Блок дотации |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **426** | **Други тековни расходи** | |
| 426210 | Расходи за репрезентација | - 5.000,00 ден. |
| 426310 | Семинари и конференции | - 13.000,00 ден. |
| 426410 | Објавување на огласи | - 17.000,00 ден. |
| 426990 | Други оперативни расходи | - 39.000,00 ден. |

**V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**

| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | |
| 401130 | Основни плати- други вработени | - 1.073.000,00 ден. |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | - 303.000,00 ден. |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | - 50.000,00 ден. |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | |
| 402110 | Основен придонеси за ПИО | - 390.000,00 ден. |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | - 176.000,00 ден. |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | - 65.000,00 ден. |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | - 103.000,00 ден. |
| **404** | **Надоместоци** | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | - 320.000,00 ден. |
| **425** | **Договорни услуги** | |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | - 13.000,00 ден. |
| **426** | **Други тековни расходи** | |
| 426990 | Други оперативни расходи | - 13.000,00 ден. |
| | | **- 3.070.000,00 ден.** |

**Истите да бидат пренаменети на следните потставки:**

**N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | |
|---|---|---|
| **464** | **Разни трансфери** | |
| 464990 | Други трансфери | 564.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | |
| 421210 | Централно греење | 98.000,00 ден. |

| Потпрограма<br>Потставка | Назив на потпрограма<br>Назив на потставка | Блок дотации |
|---|---|---|
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 191.000,00 ден. |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | |
| 424210 | Одржување на згради | 496.000,00 ден. |
| **427** | **Привремени вработувања** | |
| 427110 | Привремени вработувања | 81.000,00 ден. |
| **464** | **Разни трансфери** | |
| 464990 | Други трансфери | 1.640.000,00 ден. |
| | | **3.070.000,00 ден.** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Центар – Скопје и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

Бр. 08-6089/42
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Скопје бр.50-6119/57 од 18.11.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Скопје бр.50-6119/57 од 18.11.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/45
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар – Скопје (,,Службен гласник на Општина Центар – Скопје" бр.01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница, одржана на 9.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Скопје бр.50-6119/57 од 18.11.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Општина Центар - Скопје дава согласност на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар-Скопје бр.50-6119/57 од 18.11.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија и тоа следните движни ствари:

| Ред.број | Назив на движна ствар | Опис на движна ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Тест кит за определување на алкалност | Титриметриско определување на алкалност | 1 |
| 2. | Тест кит за определување на нитрати | Колориметриско определување на нитрати | 1 |
| 3. | Тест кит за определување на кислород | Титриметриско определување на кислород | 1 |
| 4. | Термометар за вода | Во ПВЦ заштитно куќиште | 1 |
| 5. | pH метар | Џебен | 1 |
| 6. | Лабораториска чаша | Стаклена, 250 ml | 1 |
| 7. | Кондуктометар | Рачен, автоматски | 1 |
| 8. | Туба за транспарентност | Стаклена | 1 |
| 9. | Челична лента | Должина 50m | 1 |
| 10. | Компас | Џебен | 1 |

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Центар – Скопје да склучи Договор со Министерот за животна средина и просторно планирање, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од Одлуката од член 1.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6089/44
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Деловникот за начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Деловникот за начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/47
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), а во врска со член 46 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница одржана на 9.12.2025 година, донесе

## ДЕЛОВНИК
## за начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар-Скопје

### Член 1

(1) Со овој Деловник се уредува начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

(1) Заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, Општина Центар-Скопје формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот (во натамошниот текст: Партиципативно тело).

(2) Партиципативното тело ги претставува различните интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица.

(3) Партиципативното тело ги претставува интересите и интересните групи во Општина Центар – Скопје и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица:

- преку следење на состојбите во планирањето со давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и
- во постапките за изработување и донесување на плановите со разгледување на планските програми (врз чија основа се изработуваат плановите) и на нацртите на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

### Член 3

(1) Партиципативното тело се состои од најмногу 9 члена и тоа:

- 2 члена претставници на Комисијата за урбанизам на Општина Центар - Скопје,

- 1 член претставник на правниот субјект изработувачот на деталниот урбанистички план кој е задолжително лиценциран за урбанистичко планирање,
- 1 член претставник на урбаната заедница кој се менува во зависност од опфатот/локалитетот што е предмет на планирањето,
- 3 члена со искуство во локалната самоуправа и
- 2 члена кои се стручни лица од областа на урбанизмот.

(2) Овој број се проектира на оптимален состав со цел партиципативното тело да делува со поголема ефикасност.

**Член 4**

(1) Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од Општината и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

(2) Заинтересираните лица кои се пријавуваат треба да ги исполнат следните услови:

- Пријавеното лице за член да има соодветно образование како и стручност од областа на урбанизмот и/или локалната самоуправа, со доставување соодветен доказ.
- Местото на живеење/адресата/седиштето да е во Општина Центар-Скопје/Град Скопје со доказ лична карта.

(3) Заинтересираните лица на јавниот оглас се пријавуваат преку уредно пополнет образец-пријава за член на Партиципативно тело на Општина Центар-Скопје, изјава за давање согласност за располагање со лични податоци, изјава за прифаќање на условите на јавниот оглас, писмо од намери (пишан опис за интересот поради кој се аплицира) и прилог докази за исполнетост на условите предвидени во овој член.

(4) Изборот на пријавените лица за членови на партиципативно лице ќе биде извршен согласно степенот на образование, стручноста и искуството во областа на урбанизмот, како и локалната самоуправа.

**Член 5**

**Надоместок за членовите**

(1) На членовите на Партиципативното тело од член 3 став 1 алинеи 3, 4 и 5 им следува надоместок за учество по одржана седница во нето износ од 70% од минималната плата исплатена во последниот месец во Републиката.

(2) Учеството во партиципативното тело на лицата вработени во Општината и претставникот на правниот субјект-изработувач на деталниот урбанистички план кој е задолжително лиценциран за урбанистичко планирање е по службена должност и не им следува надоместок.

## Член 6

(1) Членовите на Парципативното тело кои се лица вработени во Општината, а се претставници на Комисијата за урбанизам, на предлог на Комисијата, ги одредува Градоначалникот на Општина Центар Скопје при што од нив одредува и Претседавач на Партиципативното тело.

(2) Членовите на Партиципативното тело од од редот на доброволно пријавените лица по објавениот јавен оглас ги избира Градоначалниот на Општина Центар Скопје, на предлог на Комисија формирана од раководителот на Секторот за правни и организациони работи, раководителот на Секторот за урбанизам и раководителот на Секторот за финансиски прашања, од кандидатите кои ги исполнуваат условите.

(3) Во случаите од став 1 и 2 на овој Деловник, Градоначалникот донесува Решение за формирање на Партиципативно тело.

(4) Мандатот на Партиципативното тело е со времетраење од 4 години, при што Градоначалникот на Општина Центар – Скопје може да изврши промена на член во оправдани случаи, за што донесува решение.

## Член 7

(1) Партиципативното тело заседава по потреба, врз основ на динамиката за изработување на урбанистичките планови, но најмалку еднаш во два месеци и за својата работа изготвува записник.

(2) Работата на партиципативното тело е јавна.

(3) За текот и динамиката на работата на партиципативното тело, членовите на истото ги известува еден претставник на партиципативното тело од редот на стручни лица со искуство од обласста на урбанизмот.

(4) Изнесените и утврдени мислења на партиципативното тело пред Советот на Општина Центар-Скопје се презентираат од страна на Претседавачот на Партиципативното тело.

## Член 8

(1) Партиципативното тело ѝ овозможува на јавноста да учествува во постапките за изработување на деталните урбанистички планови, со обезбедување на пристап на јавноста до информациите, односно податоците за просторот со кои располагаат надлежните органи и субјектите со јавни овластувања.

(2) Партиципативното тело има консултативна улога во постапките за изработување на деталните урбанистички планови и при тоа целосно ги уважува

научно и стручно утврдените методологии и стандарди за урбанистичко планирање.

(3) Во таа смисла дава мислења:

- при разгледување на планските програми во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, и
- на нацртите на деталните урбанистички планови (во работна верзија) во фаза пред тие да бидат предмет на стручна ревизија,

кои што се ставаат на увид на партиципативното тело, а прифатливите предлози и сугестии се вградуваат во планските документи.

**Член 9**

(1) За сè што не е уредено во овој Деловникот за работа на партиципативното тело се применуваат одредбите од Законот за урбанистичко планирање.

**Член 10**

(1) Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат на ист начин и по постапка како и за негово донесување.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ број 3/21).

**Член 12**

(1) Овој Деловник влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-6089/46
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење на стручно административни работи во врска со поставување на урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор**

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење на стручно административни работи во врска со поставување на урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/49
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на град Скопје („Службен гласник на град Скопје" бр.7/23), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница, одржана на 9.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење на стручно административни работи во врска со поставување на урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор

### Член 1

(1) Со оваа одлука Општина Центар-Скопје воспоставува меѓуопштинска соработка со град Скопје, заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон и за остварување на заедничките интереси и цели преку вршење на стручно административни работи во врска со поставување на комунална, монтажно-демонтажно, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема и вршење на угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар-Скопје, од страна на град Скопје во име и за сметка на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

(1) Градот Скопје и Општина Центар – Скопје во остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа Одлука, надлежноста која се однесува на вршењето на стручно административните работи во врска со поставување на урбана опрема и вршење дејност надвор од деловен простор, ќе ја вршат на начин утврден со оваа Одлука.

### Член 3

(1) Времетраењето на вршењето на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и Општина Центар - Скопје се утврдува на неопределено време, односно за целиот временски период на правна сила на оваа Одлука.

### Член 4

(1) За реализација на оваа Одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Центар – Скопје да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата особено во делот на:

- -начинот и условите за вршење на заедничката надлежност во вршење на стручно административните работи во врска со поставување на комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема и вршење на угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Центар - Скопје, од страна на град Скопје во име и за сметка на Општина Центар - Скопје;
- -начинот и условите на распределба на средства од комуналната такса;
- -времетраењето на вршењето на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка);
- -начинот и условите за престанок на договорот и
- -други прашања од интерес на заедничкото вршење на заедничката надлежност.

**Член 5**

(1)Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје''.

Бр. 08-6089/48
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/51
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница, одржана на 9.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоствaување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата

### Член 1

(1) Со оваа одлука Општина Центар-Скопје воспоставува меѓуопштинска соработка со Град Скопје за остварување на заедничките интереси и цели од областа на инспекциските работи, заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон, а кои се однесуваат на реализацијата на актите на градежната инспекција на подрачјето на Општина Центар-Скопје во врска со отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Центар – Скопје.

### Член 2

(1) Во остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа Одлука, Општина Центар-Скопје ќе ги врши стручно-административните работи од областа на инспекцијата во делот на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Центар –Скопје, а Градот Скопје преку Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје со сопствени финансиски средства ќе учествува во отстранување на бесправно изградените објекти во име на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

(1) Времетраењето на вршењето на работите од заедничка надлежност и преземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и Општина Центар - Скопје се утврдува за целиот временски период на правна сила на оваа Одлука.

**Член 4**

(1) За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар – Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата во врска со отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Центар -Скопје, начинот на вршење на меѓуопштинската соработка, како и други прашања од интерес на вршење на заедничката надлежност.

**Член 5**

(1) Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6089/50
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Советот на родители**

Се објавува Решението за именување членови во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Советот на родители,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/53
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница, одржана на 9.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родители**

1. За членови во Управниот одбор на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, се именуваат:

   - Елена Велковска-Стаматовска
   - Влатко Бојковски

2. Членовите на Управниот одбор се именува за период од четири години.

3. Ова Решение да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца - Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-6089/52
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот**

Се објавува Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на втората седница, одржана на 9.12.2025 година.

Бр. 09-6089/55
9.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членовите 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на втората седница, одржана на 9.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот**

1. Се врши избор на претседател и на шест члена на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот.

2. За претседател и за членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот се избираат:

претседател: Горан Николов

членови:
1. Виолета Велковска
2. Билјана Филиповска Тодорчевска
3. Андреј Куцуловски
4. Крумислав Барзов
5. Љубиша Домазетовиќ
6. Антони Новотни
7. Александар Савески
8. Звонко Самарџиоски

3. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6089/54
9.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Ип1бр. 34- 35-1/463 од 22.10.2025 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 137 став 1 и член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР** од Скопје, по приемот на ова решение, во рок од **3(три) ДЕНА**, да ја **ОТСТРАНИ градбата – ДВАЕСЕТ БЛОКАТОРИ** НА КП 5268/6 КО ЦЕНТАР 1 УЛ. БЛАГОЈ ДАВКОВ БР. 32, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА ПЕТАР ВАСИЛЕВ И ДР.

2.Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3 Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4.Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност, изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација Ип1 бр. 34-35-1/463 од 22.10.2025 година, градежен дневник број 21 од 2025 год., дека **ИНВЕСТИТОРОТ НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР** од Скопје не поседува решение за поставување/одобрение за градба, а има поставено **ДВАЕСЕТ БЛОКАТОРИ** НА КП 5268/6 КО ЦЕНТАР 1 УЛ. БЛАГОЈ ДАВКОВ БР. 32, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА ПЕТАР ВАСИЛЕВ И ДР.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, согласно член 137 став 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја изградил/поставил градбата без одобрение за градење/решение по член 73, согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Ип1 бр. 34-35-1/463 од 04.12.2025 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**З А К Л У Ч О К**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 34-35-3/463 од 22.10.2025 г. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **ДВАЕСЕТ БЛОКАТОРИ** на УЛ. БЛАГОЈ ДАВКОВ БР.32 КП 5268/6 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОСОПСТВЕНОСТ НА ПЕТАР ВАСИЛЕВ И ДР., или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение ИП1.бр. ИП1 34-35-3/463 од 22.10.2025 г. му наложи на градителот **НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР** да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДВАЕСЕТ БЛОКАТОРИ** на УЛ. БЛАГОЈ ДАВКОВ БР.32 КП 5268/6 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОСОПСТВЕНОСТ НА ПЕТАР ВАСИЛЕВ И ДР.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ**

**ИП1 34-35-3/89 од 19.02.2025 година**
**Број на градежен дневник : 24**

Општината Центар – Сектор за инспекциски работи преку овластениот градежен инспектор Златко Бојаџиев дипл.град.инж. со службена легитимација број 80-0002, изврши вонреден инспекциски надзор на Непознат инвеститор и со записник за констатација број ИП1 34-35-3/89 од 19.02.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и 137 став 1 од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19 и 18/20) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. СЕ НАРЕДУВА НА Непознат инвеститор, со стан на непозната адреса ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА по приемот на ова решение да го ОТСТРАНИ објектот од втора категорија - деловен објект со димензии 10.0 х 4.0 метри, кој го изградил на улица Кеј 13-ти Ноември бб, на КП 13828/1 КО Центар 1 со имотен лист 54757 во Скопје, без претходно да прибави одобрение за градење.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3. Трошоците за извршување на решението ќе паднат на терет на извршеникот.

4. За надомест на трошоците направени при извршувањето на решението ќе биде донесен посебен заклучок.

5. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општината Центар - Сектор за инспекциски работи преку овластениот градежен инспектор Златко Бојаџиев дипл.град.инж. со службена легитимација број 80-0002, изврши вонреден инспекциски надзор на Непознат инвеститор. Овластениот градежен инспектор изготви записник за констатација број ИП1 34-35-3/89 од 19.02.2025 година во кој е констатирано дека непознат инвеститор со стан на непозната адреса изградил објект од втора категорија - деловен објект со димензии 10.0 х 4.0 метри, на улица Кеј 13-ти Ноември бб на КП 13828/1 КО Центар 1 со имотен лист 54757 во Скопје, без претходно да прибави одобрение за градење.

**Во весникот СЛОБОДЕН ПЕЧАТ во деновите 11-ти и 12.02.20225 година излезе јавна објава со која се повикуваат сопствениците на деловните објекти на предметната локација да се јават на распит на ден 16.02.2025 година и да достават техничка документација за истите објекти. Конкретно, за овој објект никој не се јави на закажаниот распит, па затоа овој орган реши да одлучува врз основ на сознанијата што ги поседува,.**

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градење согласно член 137 став 5 од Законот за градење (Службен весник на РМ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19 и 18/20), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење согласно член 134 став 1 алинеа 1 и 137 став 1 од Законот за градење (Службен Весник на РМ 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19 и 18/20) се донесе решение како во диспозитивот.

| | |
|---|---|
| Упатство за правно средство: | Против ова решение незадоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.<br>Жалбата се таксира со 250.00 денари |

Решено во Општината Центар Сектор за инспекциски работи под број ИП1 34-35-3/ 89 на ден 19.02.2025 година.

Овластен градежен инспектор
Златко Бојаџиев дипл.град.инж.
Службена легитимација број 80-0002

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Ип1 бр. 34-35-1/89 од 03.12.2025 г.
СКОПЈЕ

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 34-35-3/89 од 17.02.2025 г. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ** со димензии 10.00x4.00м на КЕЈ 13ТИ НОЕМВРИ ББ КП 13828/1 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОСОПСТВЕНОСТ НА РСМ, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение ИП1.бр. ИП1 34-35-3/89 од 19.02.2025 г. му наложи на градителот **НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР** да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ** со димензии 10.00x4.00м на КЕЈ 13ТИ НОЕМВРИ ББ КП 13828/1 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОСОПСТВЕНОСТ НА РСМ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ